[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-REPUBLIKA E MAQEDONISË
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
СКОПЈЕ SHKUP
03 -04- 2024
| Орг.Единица Nj.Organizative | Број Numri | Прилог Shtojcë | Вредност Viera |
|---|---|---|---|
| 03 | 1316/1 | | |

Доставено до:

- **Државна комисија за спречување на корупција**
- Архива на СМП

**ПРЕДМЕТ :** Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер бараме писмено да добиеме информација за следното:

- Дали од страна на вршител на јавна функција **Министер за внатрешни работи** во рамките на министерство може да донесе или употребува (акт), определен како од "интерен карактер" со кој ќе се одлучува за правата, должностите и одговорностите на работниците, а кај кој (inter partes), не се содржани потребните правни елементи што еден акт го прават "пропис"-(*задолжително правило со кое се уредува однесувањето во определан област*) - односно функционерот дали може да постапи во спротивност на член 52 од Уставот на РСМ и при тоа во спротивно на чл.3 ст.6 од Законот за објавување на законите и **другите акти** во "Службен весник на РСМ", кои ги донесуваат министрите се објавуваат во "Службен весник", За со цел да се спречи јавно "УКАЖУВАЊЕ" на незаконско и непрофесионално постапување а со кое ќе се врши попречување и одземање на правата на синдикални претставници како и воедно со тоа спречување на информации од интерес за јавноста во врска со борба против корупцијата и криминалот, а пак преку начин со супсумирање на (правноневажечки) "акт-**Упатство за начинот на користење на социјални мрежи од страна на работниците во МВР бр.12.1-72212/1**" како појака сила од Уставот и закони на РСМ, **дали со неговата употреба во конретниот случај постои судир на интереси и вршење на влијание од функција за примена од за цел остварување на приватен интерес за себе и друг**

✓ **Бараме информацијата да ни се достави во електронски запис на адреса [redacted] во однос на ова барање**

Со почит,

[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr. 03-1316/2
18 04 2024 г./v.

**До**

[redacted]

Предмет: **Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер**
Ваш рег. бр. 03.06/25 од 03.04.2024 год.

Почитувани,

Во врска со вашето барање за пристап до информации од јавен карактер заведен под наш архивски бр. 03-1316/1 од 03.04.2024 година, со кое барате: *„Дали од страна на вршител на јавна функција* ***Министер за внатрешни работи*** *во рамките на министерство може да донесе или употребува (акт), определен како од „интерен карактер" со кој ќе се одлучува за правата, должностите и одговорностите на работниците, а кај кој (inter partes), не се содржани потребните правни елементи што еден акт го прават „пропис" – (задолжително правило со кое се уредува однесувањето во определан област) – односно функционерот дали може да постапи во спротивност на член 52 од Уставот на РСМ и при тоа во спротивно на чл.3 ст.6 од Законот за објавување на законите и* ***другите акти*** *во „Службен весник на РСМ", кои ги донесуваат министрите се објавуваат во „Службен весник на РСМ", За со цел да се спречи јавно „УКАЖУВАЊЕ" на незаконско и непрофесионално постапување а со кое ќе се врши попречување и одземање на правата на синдикални претставници како и воедно со тоа спречување на информации од интерес за јавноста во врска со борбата против корупцијата и криминалот, а пак преку начин со супсумирање на (правноневажечки) "акт-****Упатство за начинот на користење на социјални мрежи од страна на работниците во МВР бр. 12.1-72212/1****" како појака сила од Уставот и закони на РСМ,* ***дали во неговата употреба во конкретниот случај постои судир на интереси и вршење на влијание од функција за примена од за цел остварување на***

***приватен интерес за себе и друг"***, Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: Државната комисија) Ве известува за следното:

Согласно член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" број 12/2019), Државната комисија постапува по предмети оформени по сопствена иницијатива или врз основа на добиени пријави.

Државната комисија постапува во рамки на своите надлежности утврдени во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, глава 7. Спречување на судир на интереси.

По разгледување на барањето, ДКСК констатира дека не располага со бараната информација, односно информацијата која ја барате повикувајќи се на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, со поднесување на барање од Ваша страна **не претставува** *„информација од јавен карактер"* дефинирана во Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, како информација во која било форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности.

Со почит.

Претседател,

Татјана Димитровска

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје • KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT • Republika e Maqedonisë së Veriut

Изготвил: Б.А, Виш соработник